**ЗАПИСНИК**
**од 66 (Шеесет и шестата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 јуни 2025 година (вторник)**

Шеесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 03 јуни 2025 година (вторник), со почеток во 10.20 часот, во просториите на Универзитет Скопје (Универзитет за туризам и менаџмент Скопје).

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатоска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Благица Цветановска, Давор Грче, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска.

На 66. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 66. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред при тоа најави дека од страна на службите се доставени точки кои се предлагаат за додавање на дневниот ред.
Збор зема членот на Советот Владимир Бислимовски побара образложение за точката што се предложува.

Збор зема Благица Блажевска од секторот за урбанизам за да образложи дека се дефинира и утврдува нова парцелација, односно поделба на градежната парцела, со почитување на параметрите зададени во Изводот парцелата се наоѓа во ГП 3.03.1.15 со намена А1 – домување во станбени куќи согласно ДУП за Градска четврт 3.03-општина Карпош

Претседателот на Совет ја посочи и прочита точката која е предложена за додавање:

**1. Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1 – домување во куќи и инфраструктура со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури од ГП 3.03.1.15 со**

**намена А1 – домување во станбени куќи согласно ДУП за градска четврт 3.03-Општина Карпош донесен со Одлука БР. 08-8826/6 ОД 03.12.2015.**

Претседателот на Совет ја стави поединечно предлог точката на гласање за додавање на дневен ред.

Како 11. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1 – домување во куќи и инфраструктура со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури од ГП 3.03.1.15 со намена А1 – домување во станбени куќи согласно ДУП за градска четврт 3.03-Општина Карпош донесен со Одлука БР. 08-8826/6 ОД 03.12.2015**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 11 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 11 на дневниот ред.

Збор зема членот на Советот Јахји Мемедов со предлог точка на дневен ред.

Претседателот на Совет ја стави поединечно предлог точката на гласање за додавање на дневен ред.

**12.Предлог – Одлука за збратимување на Општина Карпош - Република Северна Македонија со Општина Живинице – Федерација Босна и Херцеговина**

12. точка на предложениот дневен ред се предлага:

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 12 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 12 на дневниот ред.

Збор зема Градоначалникот со предлог за додавање 2 точки во дневниот ред.

Претседателот на Совет ја стави поединечно предлог точката на гласање за додавање на дневен ред.

**13. Предлог - Заклучок за усвојување Информација во однос на салата „Наум Наумовски Борче“-Партизан**

Како 13. точка на предложениот дневен ред се предлага:

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 13 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 13 на дневниот ред.

Претседателот на Совет ја стави поединечно предлог точката на гласање за додавање на дневен ред.

Како 14. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**14. Предлог - Заклучок за усвојување Информација во однос на поставувањето на урбана опрема на територија на Општина Карпош**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 14 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 14 на дневниот ред.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со предлог точка на дневен ред Советнички прашања.

Претседателот на Совет ја стави поединечно предлог точката на гласање за додавање на дневен ред.

Претседателот на Совет ја стави поединечно предлог точката на гласање за додавање на дневен ред.

**15. Советнички прашања**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 15 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 15 на дневниот ред.

Претседателот на Совет ја стави поединечно предлог точката на гласање за додавање на дневен ред.

Претседателот го стави на гласање изменетиот дневен ред на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е** усвоен изменетиот дневен ред за 66. Седница на Општина Карпош.

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување записник од 65. седница на Советот на Општина Карпош**

1. **Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2025 година**
2. **Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**
3. **Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година**
4. **Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**
5. **Предлог – Одлука за суспензија на одредени делови од Детален урбанистички план за Градска четврт 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош – Скопје**
6. **Предлог - Одлука за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош – Скопје блок 1 и блок 2;**
7. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје**
8. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски-Карпош“ Општина Карпош – Скопје**
9. **Предлог – Одлука за наградување со екскурзија - патување во детски камп Каливас Грција на училишната спортска екипа на ООУ Петар Поп Арсов во футсал (момчиња) за освоено прво место на национално првенство во училишен спорт, организирано од Федерација на училишен спорт на Македонија одржано на 14 – 15.05.2025 година во Кочани и Делчево**
10. **Предлог – Одлука за поништување на Одлука за изведба на рампа на влезот во паркингот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско емисиона томографија**
11. **Предлог- Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1 – домување во куќи и инфраструктура со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури од ГП 3.03.1.15 со намена А1 – домување во станбени куќи согласно ДУП за градска четврт 3.03-Општина Карпош донесен со Одлука БР. 08-8826/6 ОД 03.12.2015.**

12. **Предлог – Одлука за збратимување на Општина Карпош - Република Северна Македонија со Општина Живинице – Федерација Босна и Херцеговина**
13. **Предлог - Заклучок за усвојување Информација во однос на салата „Наум Наумовски Борче"-Партизан**
14. **Предлог - Заклучок за усвојување Информација во однос на поставувањето на урбана опрема на територија на Општина Карпош**
15. **Советнички прашања**

Пред да се помине на разгледување на точките Претседателот на Советот предложи да се разгледа и гласа записникот кој е предложен во дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по записникот од 65. седница .

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 65. седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е** усвоен записникот од 65. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Славко Митевски во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Славко Митевски во својство на претседател на Комисијата за прописи која посочи дека била одржана на 02.06.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите

Претседателот на Советот помина на расправа по точките од усвоениот дневен ред.

**1. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Невена Георгиевска побара објаснување за Програмата во кој дел е изменувањето и дополнувањето.

Збор зема Дејан Јонузовски од секторот за екологија и енергетска ефикасност за да го образложи изменувањето и дополнувањето кое е за одржување на постоечкото јавно осветлување на територијата на Општина Карпош.

"Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување" финансискиот износ од "3.000.000,00 денари" се заменува со износот "7.000.000,00 денари".
Одржување на постоечкото јавно осветлување на територијата на Општина Карпош, ќе се промени, односно износот од "52.000.000,00 денари" се заменува со износ од "56.000.000,00 денари."
Во делот Вкупна предвидена финансиска рамка и во делот „III. Финансирање" износот „123.750.000 денари" се заменува со износ "127.750.000 денари".

Претседателот на Советот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека,** е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2025 година.

2**. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Предраг Станковски побара објаснување за изменувањето и дополнувањето во Програмата поради не одржување на комисијата за комунални дејности и сообраќај

Од службите одговорија за оваа подпрограма се предвидени средства во износ од **125.599.000,00** денари се намалуваат на износ од **119.499.000,00** денари, средствата се намалуват ставка Надомест за одземен имот поради повеќе предвидени средства во Буџет
Овие средства се обезбедени од планираните изворни средства од Буџетот на општината.

**ГДО ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
Со оваа подпрограма се финансираат тековно оперативните трошоци кои се наменети за тековни трансфери кон граѓаните за фасади, лифтови и кровови како и за поставување на системи со фотоволтаици на објекти на основни училишта и за таа цел врши измена на средствата од износ **34.000.000,00** денари на износ од **36.000.000,00** денари.
Овие средства се обезбедени од планираните изворни средства од Буџетот на општината.
**ЛАО ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**
За оваа подпрограма се предвидени средства во износ од **6.000.000,00** денари а се зголемуваат на износ од **8.500.000,00** денари, средствата се зголемуваат за реконструкција на детски и спортски игралишта на територија на општината.
Овие средства се обезбедени од планираните изворни средства од Буџетот на општината.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката

ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека,** е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година

**3. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Благица Цветановска побара објаснување за точката поради не одржување на комисијата за јавни дејности.

Збор зема раководителот Емилија Арсовска за да ја образложи точката Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието“ Се менува во делот на **Предвидена финансиска рамка** на предвидениот финансиски износ од 500.000,00 (петстотини илјади денари) се додаваат 250.000,00 (двеста и педесет илјади денари)“ врз основа на што се менува и вкупната финансиска рамка која изнесува 750.000,00 (седумстотини и педесет илјади денари ).

Проектот канцеларија за родители во ООУ “Јан Амос Коменски” која што е отворена 1 година и 6 месеци има одлични успеси и помош на родителите како да влијаат на позитивното однесување на своите деца. Познати наставнички од училиштата ги вршат овие едукации. Средствата се за работилници, обуки регрутација, едукација, доедукација и усовршување на наставниците. Проектите да се однесуваат за теми од здравата животна средина, психо-социјалниот живот на учениците, промоција на добросостојба на учениците во семејството и училиштето, заштита од насилство, развивање на спортскиот дух, градење на вештини кај наставниците и сл..

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска со предлог дејноста да се прошири и во другите училишта за наредната година.

Збор зема раководителот Емилија Арсовска од септември се планира да се отвори уште 1 канцеларија од другата страна на Општината приемен ден за сега е само среда во нареден период се планира и во друг ден од неделата да работи канецеларијата за родители. Предлог на Градоначалникот да се вклучат и да се работи со родителите на децата од 6 до 9 одделение. Раководителот укажа дека ние како Општина сме први во државата кои имаме канцеларија за родители во Македонија.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека,** е усвоена Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година

4. **Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Членот на советот Татјана Стојановска побара образложение за оваа точка.

Од секторот финансии Мирјана Ѓеорѓиевска ја образложи измената на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година кој што е испратен во материјалите за седница.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН,** констатирано е дека е усвоена Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година

Пред да се помине на разгледување на точките Претседателот на Советот го повика членот на Советот Зоран Каљевски во својство на претседател на Комисијата за урбанистичко планирање да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор Зоран Каљевски во својство на претседател посочи дека седницата на Комисијата за урбанистичко планирање била одржана на 02.06.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

**5. Предлог – Одлука за суспензија на одредени делови од Детален урбанистички план за Градска четврт 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема,** констатирано е дека е усвоена Одлуката за суспензија на одредени делови од Детален урбанистички план за Градска четврт 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош – Скопје

6. **Предлог - Одлука за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош – Скопје блок 1 и блок 2;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема,** констатирано е дека е усвоена Одлуката за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош – Скопје блок 1 и блок 2;

Претседателот предложи координација за да се разгледаат кандидатите поради не одржување на комисијата за верификација.

По координацијата се продолжи со седницата

**7. Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост", Општина Карпош - Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска со забелешка кандидатите да си достават CV на емаил.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ,** констатирано е дека е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост", Општина Карпош - Скопје

8. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски-Карпош" Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Претседателот ги прочита пријавените кандидати и ги стави на поименично гласање:

**-Бошко Чуревски нема гласови**
**-Дејан Крстевски 4 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема.**
**-Виктор Грозданов 10 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање со предлогот кој доби најмногу гласови Виктор Грозданов.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ,** констатирано е дека е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски-Карпош" Општина Карпош – Скопје

**Од страна на Советот изгласан и именуван член во училишниот одбор е Виктор Грозданов.**

**9. Предлог – Одлука за наградување со екскурзија - патување во детски камп Каливас Грција на училишната спортска екипа на ООУ Петар Поп Арсов во футсал (момчиња) за освоено прво место на национално првенство во училишен спорт, организирано од Федерација на училишен спорт на Македонија одржано на 14 – 15.05.2025 година во Кочани и Делчево**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема,** констатирано е дека е усвоена Одлуката за наградување со екскурзија - патување во детски камп Каливас Грција на училишната спортска екипа на ООУ "Петар Поп Арсов" во футсал (момчиња) за освоено прво место на национално првенство во училишен спорт, организирано од Федерација на училишен спорт на Македонија одржано на 14 – 15.05.2025 година во Кочани и Делчево

**10. Предлог – Одлука за поништување на Одлука за изведба на рампа на влезот во паркингот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско емисиона томографија**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема,** констатирано е дека е усвоена Одлуката за поништување на Одлука за изведба на рампа на влезот во паркингот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско емисиона томографија

**11.Предлог- Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1 – домување во куќи и инфраструктура со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури од ГП 3.03.1.15 со намена А1 – домување во станбени куќи согласно ДУП за градска четврт 3.03-Општина Карпош донесен со Одлука БР. 08-8826/6 ОД 03.12.2015**.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН,** констатирано е дека е усвоена Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1 – домување во куќи и инфраструктура со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури од ГП 3.03.1.15 со намена А1 – домување во станбени куќи согласно ДУП за градска четврт 3.03-Општина Карпош донесен со Одлука БР. 08-8826/6 ОД 03.12.2015.

**12. Предлог – Одлука за збратимување на Општина Карпош - Република Северна Македонија со Општина Живинице – Федерација Босна и Херцеговина**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ,** констатирано е дека е усвоена Одлуката за збратимување на Општина Карпош - Република Северна Македонија со Општина Живинице – Федерација Босна и Херцеговина

**13. Предлог - Заклучок за усвојување Информација во однос на салата „Наум Наумовски Борче"-Партизан**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема Градоначалникот кој по добиена информација во врска со најавата дека на претстојна седница на Владата на Република Северна Македонија ќе биде донесена Одлука за одземање на спортската сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан од владеење на Општина Карпош. Оваа сала претставува објект од особено значење за одржување и унапредување на спортските и рекреативни активности во Општина Карпош кој има особена важност за развојот на спортот, здравиот живот и социјалната кохезија на граѓаните. Во изминатиот период, Општината континуирано вложуваше буџетски средства во нејзиното тековно одржување, санација и унапредување на условите за работа.Со оглед на овие вложувања, како и на значењето што салата го има за спортскиот и социјалниот развој на жителите на општината. Имајќи предвид дека општината има направено

значителни финансиски вложувања во овој објект кој има суштинско значење за спортскиот и општествениот живот на жителите на Општина Карпош.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема,** констатирано е дека е усвоен, Заклучок за усвојување Информација во однос на поставувањето на урбана опрема на територија на Општина Карпош

14. **Предлог - Заклучок за усвојување Информација во однос на поставувањето на урбана опрема на територија на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема Градоначалникот посочи дека Градот Скопје не дава никаква согласност за урбана опрема и ние како Општина со задолжение до Секторот инспекторат кој мора да постапи согласно важечките законски прописи, особено во однос на деловните субјекти кои имаат непрописно поставена урбана опрема.
Постапката ќе се спроведува во три фази:
Во првата фаза, ќе се интервенира кај деловните субјекти кои поставиле урбана опрема на премини или на локации со кои се загрозува безбедноста на граѓаните.
Во втората фаза, ќе се постапува против деловни субјекти кои поставиле урбана опрема на површина поголема од онаа која е одобрена во елаборатот што го поседуваат.
Во третата фаза, ќе се превземат мерки кон деловни субјекти кои немаат одобрение за поставување урбана опрема.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен**, Заклучок за усвојување Информација во однос на поставувањето на урбана опрема на територија на Општина Карпош

**15.Советнички прашања**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

**Членот на Советот Татјана Стојановска постави прашања до Градоначалникот**
**1.На кој начин е предвиден паркинг просторот со проектна документација за објектот на улица "Будимпештанска" 26 А.**
**2. Дали е започната изработка на ДУП 3 05 (спроти City mall кај ул."Манапо" Карпош 3) кој е иницијаторот за изработка на ДУП кој го изработува како и кога може граѓаните да направат увид во изработката на овој ДУП?**
**3. Зошто градежни дозволи не се поставуваат на страната на Општината во реално**

**време?**
**4.Дали е санкционирана зградата на улица "Копенхагенска"поради уништување на тротоарот и невозможност за движење?**
**5. Кој е документот по кој утврдуваат дека е директен сопственик на имотниот лист АД ЗУАС за градбата (спроти бензинска станица Мак Петрол)?**
**6. Која е причината за продажба на дрворед на парцела 3450/10 на улица "Московска" бара увид на документација и зошто Општината ги продава на приватна фирма?**
**7. Зошто рампата на кеј Вардар е константно отворена?**
**8. На улица "Московска" пред влезот на пазарот каде што контиунирано се фрла смет барање да се постави табла (Не фрлај ѓубре).**
**9. Што се случува со улиците на 3 03 дали има некоја обновена или изградена улица во тој дел?**

**Членот на Советот Невена Георгиевска постави прашања до Градоначалникот:**

**1. Дали инспекциските служби имаат изречено казни според член 18 од Законот за Јавна чистота за делови од Карпош кои се во приватна сопственост и за кои освен правото на градење (пр.Инвест на Свето, Пивара или просторот спроти Канал 5) не си ги извршуваат обврските за уредување на тоа земјиште и чистење. Казната е според член 34 од 1000 – 2000 евра за правно лице, има и физички лица.**

**2.Околу реновирањето на градинката "Мајски Цвет" каде што децата ќе се префрлаат во клонот на градинката во Тафталиџе 2 зошто не се почека да се направи Општинската зграда?**

**Збор зема Градоначалникот со одговор дека само дел од децата ќе бидат префрлени во таа градинка.**

**Збор зема членот на советот Предраг Станковски**

**1.Ургенција од црковниот одбор од црквата св. "Троица" бидејќи во недела е слава на црквата побара да се расчисти дворот, да се искоси тревата и улицата да биде чиста.**

**Членот на Советот Виолета Куновска постави прашања:**

**1.Кој ги издава дозволите за отварање на кладилници и дали ние како Општина може нешто да направиме да го ограничиме отварањето на кладилници?**

Седницата заврши во 13.20 часот.

Изработил: Виолета Андреевска

**Број: 09-6882/3**
**Датум: 01.07.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**